РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3159/4
29.07.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 23.07.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Алма Машовиќ.

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева м-р Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 30-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:10 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на втори кат.

Г-дин Петрушевски информира дека г-ѓа Машовиќ нема да присуствува на седницата поради користење на годишен одмор и се наоѓа во странство. При читање на предложениот дневен ред направи одредени измени, односно ги замени местата на Точките 2 и 3, и точката што беше доставена под Разно - Предлог за давање одобрување за уредување на заемните односи и деловно техничка соработка со Министерството за спорт на РСМ, со Предлог-одлука и Предлог-договор, поради нејзината важност ја стави како Точка 4. Точката Разно стана точка 5.

Советот на Агенцијата едногласно, со 5 гласа „за“, го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.07.2024 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 април до 30 јуни 2024 година.
3. Предлог – одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.

4. Предлог за давање одобрување за уредување на заемните односи и деловно техничка соработка со Министерството за спорт на РСМ, со предлог-одлука и Предлог-договор.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа предложениот Записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.07.2024 година.

Г-дин Трајчев имаше забелешка на страна 11 од Записникот во неговата дискусија. Предложи на почетокот од реченицата зборовите „не се коментира судската одлука“ да се заменат со зборовите дека „не сака да ја коментира судската одлука“.

Советот едногласно со корекцијата од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.07.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со предложените Картални извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 април до 30 јуни 2024 година, објасни дека Советот нема обврска да гласа по нив, но има можност да дискутира. Наведе дека го прочитал Извештајот за кој рече дека стандардно го отсликува работењето на Агенцијата, со навистина многу активности од повеќе области кои се во надлежност на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог – одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, рече дека согласно дискусијата од претходната 8-ма Јавна седница ја одлага точката за продолжение на 30-та седница кое ќе се одржи утре, 24.07.2024 година со почеток во 15.30 часот.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски најави дека планира да ја одложи и оваа точка бидејќи материјалот за разгледување е добиен подоцна. Сепак рече дека ќе даде можност за образложение и дискусија.

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за давање одобрување за уредување на заемните односи и деловно техничка соработка со Министерството за спорт на РСМ, со Предлог-одлука и Предлог-договор. Објасни дека изминатиот период Агенцијата била во комуникација со новоформираното Министерство за спорт кое има реална потреба од нови канцеларии. Наведе дека 8миот кат од зградата 70% е на АВМУ, а 30% на поранешната Агенција за млади и спорт сега Министерство за спорт. Најголемиот дел од просторот не е функционален, во еден дел има елементи за кујна за што Агенцијата нема реална потреба за нивно користење, другиот дел од истиот простор е користен неколку пати кога се одржале поголеми настани и коктели. Наведе дека најголем дел за адаптирање на просторот во канцеларии бара издвојување на поголеми финансиски средства. Предлогот на Министерството за спорт е Агенцијата да и го отстапи нејзиниот дел на времено користење од 5 години, а тие да го реновираат

просторот. Со ова АВМУ ќе нема финансиски последици, бидејќи целиот финансиски трошок ќе биде на товар на Министерството за спорт. Информира дека Договорот за отстапување на просторот го изработи адвокатската канцеларија со која АВМУ има склучено Договор за соработка, за да Агенцијата и Советот бидат заштитени и сигурни за содржината бидејќи ќе биде предлог на одобрение од страна на Советот. Наведе дека и покрај одобрение од страна на Советот, Договорот нема да стапи на сила се додека Владата не даде согласност.

Г-дин Петрушевски објасни дека и Советот да го изгласа, нема да биде во важност додека не се согласи Владата на РСМ. Кај нив има и посебна служба, Секретаријат за законодавство која правно проверува дали е сè по Закон. Објасни дека Советот до утрешниот ден ќе има можност уште еднаш да ги види материјалите, а како што тој ги прочитал рече дека нема забелешки.

Г-дин Трајчевски рече дека Договорот ќе биде надополнет со уште една ставка во делот на одржувањето на лифтовите и платформите. Со овој договор ќе се регулираат меѓусебните обврски помеѓу АВМУ и Министерството за спорт и бидејќи ќе им се отстапи просторот на 8ми кат, во иднина ќе плаќаат повисоки сметки за електрична енергија, за одржување на лифтови и другите заеднички работи.

Г-дин Фиданоски рече дека ќе даде поддршка за овој договор. Смета дека е добро и коректно од страна на АВМУ да им се излезе во пресрет на новото Министерството за спорт. Објасни дека го слушнал првото интервју на министерот за спорт во кое кажал дека имаат голема потреба од повеќе простор бидејќи сака да спроведе некои негови идеи за организација и функционирање на министерството. Реално е тоа што го кажал директорот Трајчевски дека за овие 9 години колку што АВМУ е во зградата не повеќе од 5 пати е користен просторот на 8ми кат. Агенцијата ќе нема трошок, при тоа ќе биде реновиран просторот и по истекот на 5 години повторно ќе биде во сопственост на АВМУ. Со тоа и АВМУ и Министерството за спорт ќе имаат поголеми бенефити од целата оваа работа.

Г-дин Петрушевски по дискусијата рече дека одлучувањето по оваа точка ќе го одложи за утрешниот ден, 24.07.2024 со почеток во 15:30 часот.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**